РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.31.ПР.002.02

# ПРИРАЧНИК
# ЗА НАЧИН ПОСТАПКА И УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ФОРМАЛНОСТИ ВО ТРАНЗИТНАТА ПОСТАПКА СО УПОТРЕБА НА ТЕХНИКА НА ЕЛЕКТРОНСКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

МАРТ 2023

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | | Прво издание | / | / |
| 02 | 22 -06- 2023 | Второ издание | Дополнети<br><br>Нова | Преамбула; Точки 5, 9 и 14; Прилози<br>Точка 30 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Сл.весник на Р.М." бр.46/04 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14,

167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18 и 248/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 122/21), директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе

# ПРИРАЧНИК ЗА НАЧИН, ПОСТАПКА И УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ФОРМАЛНОСТИ ВО ТРАНЗИТНАТА ПОСТАПКА СО УПОТРЕБА НА ТЕХНИКА НА ЕЛЕКТРОНСКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

## I. Општи одредби

1. Со овој Прирачник се уредува начинот, постапката и условите кои треба да бидат исполнети за издавање на одобрение за спроведување на формалности во транзитната постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци.

2. За спроведување на формалностите во транзитната постапка Царинската управа ќе го користи Новиот комјутеризиран транзитен систем (во понатамошниот текст - НКТС).

3. Економскиот оператор кој сака да користи техника на електронска обработка на податоци при спроведување на формалности во транзитната постапка, односно да оствари пристап до НКТС, мора да ги исполнува следниве услови:
   - да ги почитува начелата на царинските прописи;
   - да има утврдено мерки на проверка и заштита на изворот на податоци и обезбедување на податоците од ризик од неовластен пристап, губење, измени или уништување.

## II. Локален администратор на економскиот оператор

4. Економскиот оператор е должен да назначи свој локален администратор. Локалниот администратор е лице овластено од страна на одговорното лице на економскиот оператор, а може да биде и самото одговорно лице на економскиот оператор. Тој има привилегии во НКТС да настапува во име на економскиот оператор и единствено тој е овластен да регистрира други корисници на НКТС да настапуваат во име на економскиот оператор.

5. Локалниот администратор мора да има овластување дадено од страна на одговорното лице на економскиот оператор. Примерок од овластувањето треба да се достави во прилог на образецот 01.30.31.ПР.002.02-ОБ.01.02 Барање/Одобрение за спроведување на формалности во транзитната постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци или 01.30.31.ПР.002.02-ОБ.02.02 Барање/Одобрение за спроведување на формалности во транзитната постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци - ЗУЈ[1].

6. Лицата регистрирани од локалниот администратор не мора да бидат лица вработени кај економскиот оператор, но економскиот оператор е целосно одговорен за разменетите пораки поднесени од страна на сите регистрирани корисници.

7. Регистрацијата и управувањето со корисничкиот профил и користењето на дигитални сертификати во НКТС е целосна одговорност на одговорното лице, односно од него назначениот локален администратор. Локалниот администратор е одговорен и за точноста на внесените податоци при регистрацијата на останатите регистрирани корисници кои настапуваат во име на тој економски оператор, за податоците за дигиталните сертификати, како и за извршените промени на овие податоци.

## III. Поднесување на барање и издавање на одобрение

8. За да се започне постапка за издавање на одобрение и регистрирање во НКТС, економскиот оператор треба да ги исполнува техничките услови објавени на веб локацијата на НКТС.

9. Издавање на одобрение и регистрација во НКТС се врши врз основа на уредно пополнет и поднесен хартиен образец 01.30.31.ПР.002.02-ОБ.01.02 Барање/Одобрение за спроведување на формалности во транзитната постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци или 01.30.31.ПР.002.02-ОБ.02.02 Барање/Одобрение за спроведување на формалности во транзитната постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци - ЗУЈ. Образецот на барањето е објавен на веб

[1] Образците од овој Прирачник кои се означени со кратенка ЗУЈ ( Закон за употреба на јазиците ) се издаваат/ користат од страна на организационите единици на Царинската управа кои покриваат најмалку една единица на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат албански јазик и кога странката ( учесникот) во постапката го зборува албанскиот јазик.

локацијата на НКТС и е достапен преку Порталот за електронска комуникација за размена на документи со Царинската управа (http://www.customs.gov.mk/edms/).

10. Пополнетото барање, економскиот оператор го поднесува во хартиена форма, по пошта или го доставува во архивата на Царинската управа. Во истото задолжително треба да бидат наведени податоци за:
    - економскиот оператор,
    - одговорното лице (законски застапник) на економскиот оператор,
    - локалниот администратор,
    - модулот од НКТС до кој се бара пристап,
    - начинот на пристапување кон НКТС и
    - изјава за исполување на потребните услови.

11. Барањето во хартиена форма може да биде заменето и со електронски документ поднесен преку Порталот за електронска комуникацаија (ПЕК), потпишано со валиден дигитален сертификат. Начинот на пополнување на барањето е составен дел на образецот. При поднесување на истото се плаќа административна такса во износ од 350,00 денари.

12. По приемот на барањето Царинската управа врши проверка на податоците наведени во истото. Доколку во барањето е наведено дека до НКТС ќе се пристапува со користење на електронска размена на податоци, односно со пренесување на податоци помеѓу компјутерскиот систем на економскиот оператор и НКТС, Царинската управа ќе провери дали е исполнет условот за утврдување на мерки на проверка и заштита на изворот на податоци и обезбедување на податоците од ризик од неовластен пристап, губење, измени или уништување и врши проверка дали системот овозможува правилна размена на стандардните пораки.

13. Во случај кога економскиот оператор ќе поднесе непотполно или погрешно пополнето барање или кога постои неусогласеност меѓу податоците внесени во барањето и податоци со кои располага Царинската управа, тогаш во рок од 8 дена, Царинската управа го известува економскиот оператор да изврши усогласување на податоците. Царинската управа по приемот на комплетното барање, повторно ги врши проверките наведени во точка 12 од овој Прирачник.

14. Доколку се исполнети условите наведени во точка 12 од овој Прирачник, Царинската управа ќе издаде одобрение со пополнување на делот наменет за

одлука на царинскиот орган од образецот 01.30.31.ПР.002.02-ОБ.01.02 Барање/Одобрение за спроведување на формалности во транзитната постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци или 01.30.31.ПР.002.02-ОБ.02.02 Барање/Одобрение за спроведување на формалности во транзитната постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци - ЗУЈ.

15. По издавањето на одобрението се врши активирање на корисничкиот профил на економскиот оператор за овластениот локален администратор, со што истиот се регистрира за користење на НКТС. Активирањето се врши со доделување на корисничко име и администраторска шифра на локалниот администратор. Економскиот оператор се известува за доделеното корисничко име и администраторска шифра по електронски пат на регистрираната електронска пошта на економскиот оператор и локалниот администратор.

16. Локалниот администратор може да ја смени првично доделената администраторска шифра. По добивање на одобрението, администраторот добива пристап до Модулот за трговци во делот „Овластување" и треба да изврши регистрирање на други корисници кои ќе имаат право да разменуваат пораки со НКТС. Размената на пораки со користење на аминистраторската шифра не е дозволена. При регистрирањето на други корисници овластени да настапуваат во НКТС во име на економскиот оператор, задолжително се евидентира податок за дигиталниот сертификат кој ќе се користи за потпишување на електронските пораки.

17. Дигиталниот сертификат мора да биде издаден од страна на регистриран издавач на дигитални сертификати, согласно законските одредби кои го уредуваат електронскиот потпис. Доколку локалниот администратор сака да регистрира повеќе корисници на НКТС, секој од нив треба да поседува посебен дигитален сертификат.

18. Економскиот оператор е должен најдоцна во рок од 3 дена да ја извести Царинската управа за измената на податоците кои што имаат директно влијание врз издаденото одобрение.

19. Во случај на промена на податоците за дигиталниот сертификат (поради промена или продолжување на постоечкиот дигитален сертификат), и/или промена на регистрираната електронска пошта на овластениот локален администратор и другите корисници регистрирани од него, не се доставува нов

образец Барање/Одобрение за спроведување на формалности во транзитната постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци. Промената на овие податоци ги врши локалниот администратор. Оваа постапка е подетално опишана во Корисничкото упатство за економските оператори, објавено на веб локацијата на НКТС.

20. Економскиот оператор задолжително ги презема сите потребни мерки за обезбедување тајност и безбедност на податоците и соодветна употреба на корисничките профили и дигитални сертификати во НКТС и не смее да дозволи нивно користење од страна на неовластени лица.

21. Доколку регистриран економски оператор не сака повеќе да го користи НКТС, тогаш одговорното лице на економскиот оператор доставува писмено известување до Царинската управа, која донесува одлука за укинување на одобрението и врши деактивирање на корисничкиот профил. За деактивирање на корисничкиот профил економскиот оператор се известува на начин утврден во точка 15 од овој Прирачник.

22. Економскиот оператор е должен да ги чува разменетите пораки со НКТС заради контрола од страна на царинскиот орган на начин и во рок пропишан со важечките прописи.

23. Царинската управа може времено да го одложи активирањето или деактивирањето на корисничкиот профил поради одржување, надградување или зачувување на безбедноста на НКТС.

24. Царинската управа не може да се смета за одговорна за каква било директна или индиректна штета која настанала кај економските оператори, која што е резултат на:
   - прекин, запирање или нефункционирање на НКТС, особено во случај на запирање на одржувањето или поправката на НКТС или нефункционирање на НКТС серверите или мрежната и комуникациска опрема од технички причини,
   - некомпатибилност и несоодветност на опремата на економскиот оператор,
   - кражба, загуба, уништување или измена на податоците, софтверските програми или компјутерската опрема предизвикани со недозволен пристап во НКТС или како резултат на вирус кој потекнува од веб страната или некој од компјутерските системи или сервери на НКТС или на економскиот оператор,

- грешки при пренос, доцнења или прекини за време на преносот на податоци и
- нефункционирање на НКТС како резултат на виша сила или настани надвор од контролата на Царинската управа, вклучително, но не и ограничено на ситуации кога НКТС е преоптоварен, не е во функција, не е достапен, кои што се предизвикани од трета страна – даватал на интернет услуги, прекин на таквите услуги поради штрајк, вклучително и штрајк од страна на нејзиниот персонал и какво било нефункционирање, грешка или доцнења кои можат да им се препишат на трети страни или пак друг настан како резултат на виша сила.

25. Царинската управа има право НКТС времено да го стави надвор од функција (недостапен), поради одржување, надградување или зачувување на безбедноста на НКТС.

26. Царинската управа има право да го укине издаденото одобрение и да изврши деактивирање на економски оператор од НКТС, доколку констатира дека економскиот оператор не се придржува кон одредбите на овој Прирачник.

27. Царинската управа ќе постапува совесно и одговорно и ќе ги чува и заштитува согласно закон, податоците што за потребите на НКТС ги доставува економскиот оператор.

## III. Завршни одредби

28. Овој Прирачник се објавува на веб локацијата на НКТС.

29. Царинската управа има право да врши измени и дополнувања на одредбите на овој Прирачник и истите јавно ги објавува на веб локацијата на НКТС.

30. Со донесување на овој Прирачник, престанува да важи 01.30.31.ПР.002.01 Прирачникот за начин, постапка и услови за издавање на одобрение за спроведување на формалности во транзитната постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци бр. 01-009289/14-0001 од 25.02.2014 година.

31. Одредбите на овој Прирачник стапуваат на сила и се применуваат со денот на донесувањето и објавувањето на веб локацијата на НКТС.

Директор

М-р Славица Кутиров

Бр. 01- 009289/14-0011

Скопје, 22-03-2023 година

Прилози:

- 01.30.31.ПР.002.02-ОБ.01.02 Барање/одобрение за спроведување на формалности во транзитната постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци
- 01.30.31.ПР.002.02-ОБ.02.02 Барање/Одобрение за спроведување на формалности во транзитната постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци - ЗУЈ

Изработиле: Дарко Митев
Слободанка Солева

Одобрил: Ѓорги Наумовски

Согласен: Офелија Бајо

| | |
|---|---|
| Прирачникот го подготви: | Сектор за царински систем -Одделение за гранични и транзитни формалности |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за : | Интерна/екстерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Архива |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ / MINISTRIA E FINANCAVE
ЦАРИНСКА УПРАВА / DREJTORIA E DOGANAVE

01.30.31.ПР.002.02-ОБ.02.02

# БАРАЊЕ/ОДОБРЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ФОРМАЛНОСТИ ВО ТРАНЗИТНАТА ПОСТАПКА СО УПОТРЕБА НА ТЕХНИКА НА ЕЛЕКТРОНСКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ/ KËRKESË/LEJE PËR ZBATIMIN E FORMALITETEVE NË PROCEDURËNE TRANSITIMIT ME PËRDORIMIN E TEKNIKËS SË PËRPUNIMIT ELEKTRONIK TË TË DHËNAVE

## I.Барање/Kërkesë

| 1. Податоци за економскиот оператор/Të dhënat e operatorit ekonomik | |
|---|---|
| Назив/Emri | |
| ЕДБ/NVT | |
| Адреса на седиште/Adresa e selisë | |
| Поштенски број/Numri i postës | |
| Град/Qyteti | |
| Телефон/факс/Telefoni/faksi | |
| Адресанае-пошта/Adresa elektronike | |
| **2. Податоци за одговорното лице (законски застапник)/Të dhënat e personit përgjegjës** | |
| Име и презиме/Emri dhe mbiemri | |
| ЕМБГ/NVAQ | |
| Функција/Funksioni | |
| Телефон/факс/Telefoni/faksi | |
| Адреса на е-пошта/Adresa elektronike | |
| **3.Податоци за Локален администратор (лице на кое Царинска управа ќе му достави администраторска шифра со која во име на економскиот оператор ќе биде во можност да управува (внесува и изменува) податоци за застапници на економскиот оператор во Модулот - Овластувања)/Të dhënat e administratorit lokal (person të cilit Drejtoria e Doganës do t'i dorëzojë shifër administratori me të cilën, në emër të operatorit ekonomik do të jetë në gjendje të drejtojë (vendosë dhe ndryshojë) të dhënat për përfaqësues të operatorit ekonomik në modulin-Autorizime)** | |
| Име и презиме/Emri dhe mbiemri | |
| ЕМБГ/NVAQ | |
| Функција/Funksioni | |
| Телефон/факс/Telefoni/faksi | |
| Адреса на е-пошта/Adresa elektronike | |

**4. Барам да ми се одобри пристап за користење на следниве модули во НКТС/Kërkoj të më lejohet qasja për shfrytëzimin e këtyre moduleve në SRKT**

1. ☐ - Модул - Економски оператор на поаѓање/Moduli-Operatori ekonomiki nisjes
2. ☐ - Модул - Економски оператор на одредиште/ Moduli-Operatori ekonomik i cakut
3. ☐ - Модул - Проверка на гаранција/Moduli- Kontrolli i garancisë
4. ☐ - Модул – Овластувања/Moduli-Autorizimet

**5. При употребата на НКТС ќе користам/Gjatë përdorimit të SRKT do të shfrytëzoj**

1. ☐-сопствен систем/sistem personal     Назив и верзија на системот/Emri dhe versioni i sistemit________________________
2. ☐- систем на Царинска управа/sistemin e Drejtorisë së Doganës.

**6. Со пополнување и потпишување на ова Барање под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека/Me plotësimin dhe nënshkrimin e kësaj kërkese, me përgjegjësi të plotë materiale dhe penale, deklaroj se:**

- Податоците наведени во Барањето се вистинити и точни/Të dhënat në kërkesë janë të vërteta dhe të sakta;
- Во целост сум запознаен, го прифаќам и ќе постапувам според одредб ите на Прирачникот за начинот, постапката и условите за издавање на одобрение за спроведување на формалности во транзитната постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци и според одредбите на членовите 4, 5, 5-а, 5-б, 5-в и 109 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон/Doracakut për mënyrën, procedurën dhe kushtet e dhënies së miratimit për zbatimin e formaliteteve në procedurën e transitit duke përdorur teknikat elektronike të përpunimit të të dhënave dhe sipas përcaktimeve të neneve 4, 5, 5-a, 5-b, 5-c dhe 109 të Vendimit për Zbatimin e Ligjit të Doganës
- Најдоцна во рок од 3 (три) дена писмено ќе ја известам Царинската управа за било која промена поврзана со податоците дадени во ова барање и во прилозите доставени кон него/Më së voni brenda 3 (tre) ditëve do ta njoftoj me shkrim Drejtorinë e Doganës për çdo ndryshim në lidhje me të dhënat në këtë kërkesë dhe në shtojcat e dorëzuara në të;
- Се согласувам податоците содржани во ова барање да можат да се користат единствено за остварување на правото на регистрација во бараниот систем/Pajtohem që të dhënat që i përmban kjo kërkesë mund të përdoren vetëm për të ushtruar të drejtën e regjistrimit në sistemin e kërkuar;
- Се согласувам администраторската шифра на лицето од рубрика 1.3. да му се достави по електронска пошта/Jam dakord shifra e administratorit të personit nga rubrika 1.3. t'i dorëzohet me postë elektronike

| **Број/Numri** | |
|---|---|
| **Датум/Data** | **Потпис на одговорното лице/Nënshkrimi i personit përgjegjës** |

**II. Одобрение/Miratimi**

| |
|---|
| Согласно одредбите на член 4, 5, 5-а, 5-б и 5-в од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, а врз основа на податоците наведени во ова барање, Царинската управа издава одобрение за спроведување на формалности во транзитната постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци/Në pajtim me dispozitat e nenit 4, 5, 5-a, 5-b dhe 5-c të Vendimit për zbatimin e Ligjit të Doganës dhe në bazë të të dhënave në këtë kërkesë, Drejtoria e Doganës lëshon miratim për zbatimin e formaliteteve në procedurën e transitit duke përdorur teknikën e përpunimit elektronik të të dhënave<br>Врз основа на дадено овластување од директорот на Царинската управа, одобрението го донесува помошник директорот на Секторот за царински систем/Në bazë të autorizimit të dhënë nga drejtori i Drejtorisë së Doganës, miratimin e lëshon ndihmësdrejtori i Sektorit të sistemit doganor |

| | | |
|---|---|---|
| **Број на одобрение/Numri i miratimit** | (м.п.)/(v.v) | **Помошник Директор/Ndihmësdrejtori**<br><br>________________ |
| **Скопје/Shkup**год/viti | | |

**Упатство за пополнување на образецот на барањето/Udhëzim për plotësimin e formularit të kërkesës**

Образецот треба да се пополни читливо и без можност за бришење/Formulari duhet të plotësohetme qartësi dhe pa mundësi për fshirje

Сите подрубрики од рубриките I.1. Податоци за економскиот оператор и I.2. Податоци за одговорното лице (законски застапник) треба задолжително да се пополнат/Të gjitha nënrubrikat e rubrikave I.1. Të dhëna e operatorit ekonomik dhe I.2. Të dhënat e personit përgjegjës (përfaqësuesi ligjor) domosdoshmërish duhet të plotësohen

Рубриките во барањето се пополнуваат на следниов начин/Rubrikat në kërkesë plotësohet në këtë mënyrë

1. Податоци за економскиот оператор/Të dhënat e operatorit ekonomik

Назив – се внесува називот/името на економскиот оператор (најмногу 35 алфанумерички карактери)/Emri- shkruhet titulli/emri i operatorit ekonomik (maksimum 35 karaktere alfanumerike
ЕДБ – се внесува единствениот даночен број на економскиот оператор (17 нумерички карактери)/NVT- shkruhet numri i vetëm tatimor i operatorit ekonomik (17 karaktere alfanumerike)
Адреса на седиште – се внесува адресата на која е седиштето на економскиот оператор (најмногу 35 алфанумерички карактери)/Adresa e selisë- shënohet adresa ku është selia e operatorit ekonomik (maksimum 35 karaktere alfanumerike)
Поштенски број – се внесува поштенскиот број на градот во кој економскиот оператор има седиште (најмногу 9 нумерички карактери)/Numri postal- shënohet numri postal i qytetit ku operatori ekonomik ka seli (maksimum 9 karaktere numerike)

Град – се внесува градот во кој економскиот оператор има седиште (најмногу 35 нумерички карактери)/Qyteti- shënohet qyteti ku operatori ekonomik ka seli (maksimum 35 karaktere numerike)

Рубриките 4 и 5 се пополнуваат со внесување на знакот X во соодветното квадратче, по сопствен избор.Доколку се користи сопствен систем задолжително се внесуваат податоци за називот и верзијата на системот/Rubrikat 4 dhe 5 plotësohen me vendosjen e shenjës X në katrorin përkatës, me përzgjedhje personale. Nëse përdoret sistemi personal, domosdoshmërisht shënohen të dhënat e emrit dhe versionit të sistemit.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ / MINISTRIA E FINANCAVE
ЦАРИНСКА УПРАВА / DREJTORIA E DOGANAVE

01.30.31.ПР.002.02-ОБ.02.02

# БАРАЊЕ/ОДОБРЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ФОРМАЛНОСТИ ВО ТРАНЗИТНАТА ПОСТАПКА СО УПОТРЕБА НА ТЕХНИКА НА ЕЛЕКТРОНСКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ/ KËRKESË/LEJE PËR ZBATIMIN E FORMALITETEVE NË PROCEDURËNE TRANSITIMIT ME PËRDORIMIN E TEKNIKËS SË PËRPUNIMIT ELEKTRONIK TË TË DHËNAVE

## I.Барање/Kërkesë

| 1. Податоци за економскиот оператор/Të dhënat e operatorit ekonomik | |
|---|---|
| Назив/Emri | |
| ЕДБ/NVT | |
| Адреса на седиште/Adresa e selisë | |
| Поштенски број/Numri i postës | |
| Град/Qyteti | |
| Телефон/факс/Telefoni/faksi | |
| Адресанае-пошта/Adresa elektronike | |

| 2. Податоци за одговорното лице (законски застапник)/Të dhënat e personit përgjegjës | |
|---|---|
| Име и презиме/Emri dhe mbiemri | |
| ЕМБГ/NVAQ | |
| Функција/Funksioni | |
| Телефон/факс/Telefoni/faksi | |
| Адреса на е-пошта/Adresa elektronike | |

| 3.Податоци за Локален администратор (лице на кое Царинска управа ќе му достави администраторска шифра со која во име на економскиот оператор ќе биде во можност да управува (внесува и изменува) податоци за застапници на економскиот оператор во Модулот - Овластувања)/Të dhënat e administratorit lokal (person të cilit Drejtoria e Doganës do t'i dorëzojë shifër administratori me të cilën, në emër të operatorit ekonomik do të jetë në gjendje të drejtojë (vendosë dhe ndryshojë) të dhënat për përfaqësues të operatorit ekonomik në modulin-Autorizime) | |
|---|---|
| Име и презиме/Emri dhe mbiemri | |
| ЕМБГ/NVAQ | |
| Функција/Funksioni | |
| Телефон/факс/Telefoni/faksi | |
| Адреса на е-пошта/Adresa elektronike | |

**4. Барам да ми се одобри пристап за користење на следниве модули во НКТС/Kërkoj të më lejohet qasja për shfrytëzimin e këtyre moduleve në SRKT**

1. ☐ - Модул - Економски оператор на поаѓање/Moduli-Operatori ekonomiki nisjes
2. ☐ - Модул - Економски оператор на одредиште/ Moduli-Operatori ekonomik i cakut
3. ☐ - Модул - Проверка на гаранција/Moduli- Kontrolli i garancisë
4. ☐ - Модул – Овластувања/Moduli-Autorizimet

**5. При употребата на НКТС ќе користам/Gjatë përdorimit të SRKT do të shfrytëzoj**

1. ☐-сопствен систем/sistem personal Назив и верзија на системот/Emri dhe versioni i sistemit___________________________
2. ☐- систем на Царинска управа/sistemin e Drejtorisë së Doganës.

**6. Со пополнување и потпишување на ова Барање под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека/Me plotësimin dhe nënshkrimin e kësaj kërkese, me përgjegjësi të plotë materiale dhe penale, deklaroj se:**

- Податоците наведени во Барањето се вистинити и точни/Të dhënat në kërkesë janë të vërteta dhe të sakta;
- Во целост сум запознаен, го прифаќам и ќе постапувам според одредб ите на Прирачникот за начинот, постапката и условите за издавање на одобрение за спроведување на формалности во транзитната постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци и според одредбите на членовите 4, 5, 5-а, 5-б, 5-в и 109 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон/Doracakut për mënyrën, procedurën dhe kushtet e dhënies së miratimit për zbatimin e formaliteteve në procedurën e transitit duke përdorur teknikat elektronike të përpunimit të të dhënave dhe sipas përcaktimeve të neneve 4, 5, 5-a, 5-b, 5-c dhe 109 të Vendimit për Zbatimin e Ligjit të Doganës
- Најдоцна во рок од 3 (три) дена писмено ќе ја известам Царинската управа за било која промена поврзана со податоците дадени во ова барање и во прилозите доставени кон него/Më së voni brenda 3 (tre) ditëve do ta njoftoj me shkrim Drejtorinë e Doganës për çdo ndryshim në lidhje me të dhënat në këtë kërkesë dhe në shtojcat e dorëzuara në të;
- Се согласувам податоците содржани во ова барање да можат да се користат единствено за остварување на правото на регистрација во бараниот систем/Pajtohem që të dhënat që i përmban kjo kërkesë mund të përdoren vetëm për të ushtruar të drejtën e regjistrimit në sistemin e kërkuar;
- Се согласувам администраторската шифра на лицето од рубрика I.3. да му се достави по електронска пошта/Jam dakord shifra e administratorit të personit nga rubrika I.3. t'i dorëzohet me postë elektronike

| **Број/Numri** | |
|---|---|
| **Датум/Data** | **Потпис на одговорното лице/Nënshkrimi i personit përgjegjës** |

**II. Одобрение/Miratimi**

| |
|---|
| Согласно одредбите на член 4, 5, 5-а, 5-б и 5-в од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, а врз основа на податоците наведени во ова барање, Царинската управа издава одобрение за спроведување на формалности во транзитната постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци/Në pajtim me dispozitat e nenit 4, 5, 5-a, 5-b dhe 5-c të Vendimit për zbatimin e Ligjit të Doganës dhe në bazë të të dhënave në këtë kërkesë, Drejtoria e Doganës lëshon miratim për zbatimin e formaliteteve në procedurën e transitit duke përdorur teknikën e përpunimit elektronik të të dhënave<br>Врз основа на дадено овластување од директорот на Царинската управа, одобрението го донесува помошник директорот на Секторот за царински систем/Në bazë të autorizimit të dhënë nga drejtori i Drejtorisë së Doganës, miratimin e lëshon ndihmësdrejtori i Sektorit të sistemit doganor |

| | | |
|---|---|---|
| **Број на одобрение/Numri i miratimit** | (м.п.)/(v.v) | **Помошник Директор/Ndihmësdrejtori**<br><br>____________________ |
| **Скопје/Shkup**год/viti | | |

## Упатство за пополнување на образецот на барањето/Udhëzim për plotësimin e formularit të kërkesës

Образецот треба да се пополни читливо и без можност за бришење/Formulari duhet të plotësohetme qartësi dhe pa mundësi për fshirje

Сите подрубрики од рубриките I.1. Податоци за економскиот оператор и I.2. Податоци за одговорното лице (законски застапник) треба задолжително да се пополнат/Të gjitha nënrubrikat e rubrikave I.1. Të dhëna e operatorit ekonomik dhe I.2. Të dhënat e personit përgjegjës (përfaqësuesi ligjor) domosdoshmërish duhet të plotësohen

Рубриките во барањето се пополнуваат на следниов начин/Rubrikat në kërkesë plotësohet në këtë mënyrë

1. Податоци за економскиот оператор/Të dhënat e operatorit ekonomik

Назив – се внесува називот/името на економскиот оператор (најмногу 35 алфанумерички карактери)/Emri- shkruhet titulli/emri i operatorit ekonomik (maksimum 35 karaktere alfanumerike
ЕДБ – се внесува единствениот даночен број на економскиот оператор (17 нумерички карактери)/NVT- shkruhet numri i vetëm tatimor i operatorit ekonomik (17 karaktere alfanumerike)
Адреса на седиште – се внесува адресата на која е седиштето на економскиот оператор (најмногу 35 алфанумерички карактери)/Adresa e selisë- shënohet adresa ku është selia e operatorit ekonomik (maksimum 35 karaktere alfanumerike)
Поштенски број – се внесува поштенскиот број на градот во кој економскиот оператор има седиште (најмногу 9 нумерички карактери)/Numri postal- shënohet numri postal i qytetit ku operatori ekonomik ka seli (maksimum 9 karaktere numerike)

Град – се внесува градот во кој економскиот оператор има седиште (најмногу 35 нумерички карактери)/Qyteti- shënohet qyteti ku operatori ekonomik ka seli (maksimum 35 karaktere numerike)

Рубриките 4 и 5 се пополнуваат со внесување на знакот X во соодветното квадратче, по сопствен избор.Доколку се користи сопствен систем задолжително се внесуваат податоци за називот и верзијата на системот/Rubrikat 4 dhe 5 plotësohen me vendosjen e shenjës X në katrorin përkatës, me përzgjedhje personale. Nëse përdoret sistemi personal, domosdoshmërisht shënohen të dhënat e emrit dhe versionit të sistemit.